# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ГРЕШКИ ПРИ ИЗГРАДБА ЗА ШТЕТИ ВО ГАРАНТЕН РОК

**ВОВЕДНА ОДРЕДБА**
**Член 1**

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на објекти во градба, освен во делот кој е со овие услови определен поинаку.

**ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ**
**Член 2**

(1) Осигурувачот,според овие услови ја покрива штетата на нарачателот односно инвеститорот што ќе му настане на објектот после од кога изведувачот ќе го предаде изградениот објект и тоа:

1) поради скриени грешки што настанале за времетраење на градењето и се последица од неговото изведување или
2) поради активности што ги изведува осигуреникот врз основ на договорот за одржување на изградениот објект што го склучил со нарачателот.

**НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ**
**Член 3**

(1) Со ова осигурување, покрај неосигурените опасности наведени во Општите услови за осигурување на објекти во градба, не е покриена одговорноста:

1) за штета што настанувала подолго време или е последица од дефекти или попуштање на материјалот поради температурни влијанија, влага, тресење, дејство на агресивни материи, корозија и слично;
2) поради невозможност за наменска употреба на објектот доколку изградбата била извршена според одредбите на проектот;
3) поради штети од естетски карактер.

**ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 4**

(1) Осигурителното покритие според овие услови започнува од денот кога објектот ќе му се предаде на нарачателот или инвеститорот односно од денот на извршениот технички прием и трае најмногу 2 (две) години.

Овие Посебни Услови за осигурување на одговорност за грешки при изведба за штети во гарантен рок се донесени на 27-та седница на Одборот на директори, одржана на 11.08.2010 година, и влегуваат во употреба од 01.08.2010 година.